Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

Архивски бр.
Дата:

До : Кабинет на министерот
Министер, Др. Неџати Јакупи
- Тука

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**Предмет:** Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: "Изградба на депонија за троска" во општина Кавадарци, за потребите на инвеститорот "ФЕНИ ИНДУСТРИ" АД од Кавадарци

Почитуван г-дин Министер,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/ 2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010 и 124/2010) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/2006), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Изградба на депонија за троска" во општина Кавадарци, на ден 14.03.2011 година изготви

## ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот : "Изградба на депонија за троска" во општина Кавадарци

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, за Проектот: "Изградба на депонија за троска" во општина Кавадарци, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина изработена од страна на консултантскиот тим на "ДЕКОНС - ЕМА" ДОО од Скопје, со назначено одговорно лице Менка Спировска, за потребите на инвеститорот

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

"ФЕНИ ИНДУСТРИ" АД од Кавадарци , со седиште во с. Возарци, општина Кавадарци, оцени дека со предлог Проектот, инвеститорот предвидува да започне со изградба на депонија за троска во општина Кавадарци. Предвидената депонија за одлагање на троска се наоѓа на северозападната страна на индустрискиот комплекс "ФЕНИ ИНДУСТРИ", односно после платото за руда во долот према с. Шивец. Површината на локацијата предвидена за одлагање на троската изнесува околу 15 хектари. Троската е остаток од технолошкиот процес на топење на рудата и производството на фероникел во електропечките и според извршени анализи претставува инертен материјал. Троската во течна состојба загреана на околу 1500 °C со специјални возила ќе се одлага на предвидената депонија за троска, која по природен пат ќе се лади и ќе се претвора во цврста маса. На прдвидената депонија за троска предвидено е да се одлагаат 5 милиони тони троска. Во Студијата за ОВЖС предложени се и мерки за намалување на влијанието на проектот врз животната средина.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Изградба на депонија за троска" во општина Кавадарци, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на Проектот: "Изградба на депонија за троска" во општина Кавадарци, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

Со почит,

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Комисија:**

1. Зоран Бошев
2. Влатко Цветаноски
3. Хусни Тачи
4. Смиљка Тенева
5. Илбер Мирта
6. М-р Валериј Пенев
7. Фатос Балиу
8. Јадранка Иванова
9. М-р Сашко Јорданов


Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


Прилог:

- Образец од Извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: "Изградба на депонија за троска" во општина Кавадарци;